РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14- 1488
23-08-2018 година
СКОПЈЕ

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ

| Примено: | 27-08-2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 781/14 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државна управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска член 145 став 6 и член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Министерството за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

**почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Конференциско толкување на Филолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со студиската програма втор циклус едногодишни студии по Конференциско толкување на Филолошки факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

### Образложение

Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање 01/114 од 05.07.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1488 07.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа студиската програма втор циклус едногодишни студии по Конференциско толкување на Филолошки факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација 1409-259/2 од 12.06.2018 година, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високо образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1488 од 13.07.2018 година формира комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма циклус студија наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 18.07.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1488 од 18.07.2018 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус едногодишни студии Конференциско толкување на Филолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Страна:
Весна Стојановска

Доставено до:
Именуваните
Архива
Изработил: м-р Викторија Динковска
Контролирал: Снежана Лузевска
Одобрил: Dr.Agim Rushiti

МИНИСТЕР
Dr. Arbër Ademi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
СКОПЈЕ
3